# Водич за потрошувачите

## Како безбедно да го исфрлам мојот остар отпад?

## How do I safely throw out my sharp waste?

Macedonian / English

## Што е Остар отпад

Остри предмети се медицински алатки кои можат да ја пробијат кожата и можат да предизвикаат повреда како што е шприц со игла, игла за боцкање на прст или ланцета. Некои луѓе треба да користат игли за да го дадат својот лек и да го следат своето здравје.

## Зошто е важно безбедно да се фрлат острите предмети (Sharps)?

За да ги зачувате другите безбедни, никогаш не смеете да ставате остри предмети во канта за отпадоци или за рециклирање. Вашето ѓубре и рециклирање може да се сортираат рачно.

Безбедното фрлање на остри предмети осигурува дека нема ризик од повреда на другите.

Важно е да проверите во вашта општина (council) за правилата за отстранување остри предмети бидејќи тие може да се разликуваат од место до место. Вашата општина може да издаде високи казни доколку не се следи безбедното отстранување на остри предмети.

Ако користите затворен тврд пластичен сад за остриот отпад, вашата општина може да ви дозволи да го ставите во кантата за ѓубре.

## Како безбедно да ги фрлам острите предмети?

Секогаш осигурајте се дека вашите остри предмети се безбедни и фрлени во цврст пластичен сад. Цврст сад е оној што не можете да го вдлабнете. Ставете го садот за остар отпад на маса или работната маса за безбедно да го ставите вашиот остар отпад во него, никогаш во скутот.

| Може да користите | |
| --- | --- |
| Наменски сад за остар отпад спрема австралиските стандарди |   |
| Пластичен сад со капаче, отпорен на пробивање |  |

| НЕ фрлајте остри предмети во | | | |
|---|---|---|---|
| Меки пластични шишиња |  | Алуминиумски лименки |  |
| Картонски кутии |  | Стаклени садови бидејќи можат да се скршат |  |

## Каде да добијам безбеден сад за остри предмети?

Повеќето општини бесплатно обезбедуваат безбедни садови за остри предмети. Контактирајте ја вашата општина за да дознаете што прават тие. Можете да набавите безбедни садови за остри предмети од вашата локална болница или аптека. Прашајте дали ќе ви го наплатат. Можете исто така да купите сад за остри предмети од www. diabeteshop.com или телефон 1300 776 388

## Што да правам кога мојот сад за остри предмети е речиси полн?

Важно е да го наполните садот за отпадоци од остри предмети само до ¾ полн или до нивото што е прикажано. Уверете се дека капакот е добро затворен пред да го однесете во центарот за исфрлање. Најбезбедниот начин да го исфрлите вашиот сад за отпадоци со остри предмети е во јавните болници, некои аптеки или во вашата општина.

Разговарајте со медицинската сестра што ве посетува ако ви треба поголема поддршка.

| | |
|---|---|
| Diabetes Australia | Телефон: 02 6232 3800<br>https://www.diabetesaustralia.com.au |
| Diabetes NSW & ACT | Телефон: 1300 342 238 или 02 9552 9942<br>https://diabetesnsw.com.au |
| Diabetes QLD | Телефон: 1800 177 055<br>https://www.diabetesqld.org.au |
| Diabetes Vic | Телефон: 1300 437 386<br>https://www.diabetesvic.org.au |
| National Diabetes Services Scheme (Национална шема за услуги за дијабетес) | NDSS линија за помош 1800 637 700<br>https://www.ndss.com.au |